# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-890/5 од 8 август 2014 година донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научна област бизнис *менаџмент* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник” и „Коха“ на 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави

м-р Кристина Ковачевиќ, магистер по економски науки од научната област МБА – менаџмент.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Кристина Ковачевиќ** е родена на 11 ноември 1986 година во Штип. Основното и средното училиште завршува во Штип. Високо образование, Економски факултет, Катедра за е-бизнис, со просек 9.29, завршува во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и се стекнува со диплома со стручен назив дипломиран економист.

На 8 јуни 2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип успешно ги завршува магистерските студии, со просек 10, и со одбрана на магистерскиот труд на тема „*Преферирањето на етичките норми и респектабилноста кон општествената одговорност на претпријатијата и бизнисот како фактори за нивен долгорочен опстанок и развој*“ се стекнува со звање магистер по економски науки од областа на МБА менаџмент.

Од октомври 2012 година до денес, кандидатката е докторанд на Школата за докторски студии на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент) на Економски факултет и Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Во април 2014 година кандидатката се стекнува со сертификат за познавање на англиски јазик Cambridge Certificate B1 (pass with distinction).

М-р Кристина Ковачевиќ е член на Комисија за разгледување на барања, молби и признавање на испити на студентите кои се префрлуваат од други универзитети и факултети на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

***Кандидатката ги исполнува сите законски услови предвидени за избор во асистент-докторанд, односно има:***

- завршено втор циклус студии од соодветно научно подрачје;
- остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус на студии;
- има познавање од англиски јазик кое кандидатката го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1);
- има објавено минимум еден научен труд;
- способност за наставно-научна дејност (25 поени).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***
***Наставно-образовна дејност***

Од декември 2011 година кандидатката работи како помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во тој период изведува вежби на повеќе предмети од оваа област, меѓу кои Менаџмент на мали и средни бизниси, Менаџмент во туризмот, Мрежен систем на продажба, Маркетинг на пазар и Менаџмент на производство на храна и го исполнува критериумот од минимум 25 поени за наставно-образовна дејност.

М-р Кристина Ковачевиќ е коавтор на еден практикум по предметот Анимации во туризмот во издание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика:

Проф. д-р Златко Јаковлев, м-р Кристина Ковачевиќ, 2013, „Практикум по анимација во туризмот“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, http://eprints.ugd.edu.mk/6229/ .

***Научноистражувачка дејност***

М-р Кристина Ковачевиќ е автор на следниве научни и стручни трудови (трудовите се објавени и во електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип):

Кристина, Ковачевиќ (2011), *„Преферирањето на етичките норми и респектабилноста кон општествената одговорност на претпријатијата и бизнисот како фактори за нивен долгорочен опстанок и развој“,* магистерски труд, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, http://eprints.ugd.edu.mk/454/;

Kovacevik, Kristina (2014) *Foreign direct investments in Republic of Macedonia: an opportunity for domestic enterprises to participate in global supply chains*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (1-2). pp. 167-180. ISSN 1409-7893, http://eprints.ugd.edu.mk/10143/;

Kovacevik, Kristina (2013) *The use of brainwashing in the process of changing the organizational culture of the German and Japanese workers*. Economic Development (3). pp. 243-258. ISSN 1409-7893, http://eprints.ugd.edu.mk/10142/.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на асистент-докторанд за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавената кандидатка, едногласно го донесоа следниов заклучок.

Кандидатката м-р Кристина Ковачевиќ, магистер по економски науки од областа на МБА - менаџмент, покрај доставената комплетна документација која се бара, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување што се потврдува со објавените научни и стручни трудови. Во поглед на наставно-образовната дејност кандидатката покажува висок степен на знаење и стручност во перманентниот ангажман како помлад асистент, на повеќе предмети од областа бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во изминатиот период.

Комисијата имаше чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и иден успешен соработник и затоа со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката м-р Кристина Ковачевиќ да се избере во асистент-докторанд за научна област бизнис менаџмент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Елизабета Митрева, доцент, член, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, вонреден професор, член, с.р.**